Влада на Република Северна Македонија

Бр. 4401-17/56

З А П И С Н И К

од Педесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 мај 2020 година

Скопје, мај 2020 година

# З А П И С Н И К
## од Педесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 мај 2020 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 17:25 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Хусни Исмаили, министер за култура, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Хисен Ќемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија и д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествуваа и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, Славјанка Петровска, дополнителен заменик на министерот за внатрешни работи и Санела Шкријељ, дополнителен заменик на министерот за труд и социјална политика, како и Лирим Шабани, државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваше и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки и Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација.

*

*      *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

- **Усвојување на Записникот од 48-та седница на Владата,одржана на 30 април, 1 мај и 5 мај 2020 година**

- **Усвојување на Записникот од 51-та седница на Владата, одржана на 12 мај 2020 година**

- **Усвојување на Записникот од 52-та седница на Владата, одржана на 14 мај 2020 година**

- **Усвојување на Записникот од 53-та седница на Владата, одржана на 15 мај 2020 година**

- **Усвојување на Записникот од 54-та седница на Владата, одржана на 17 мај 2020 година**

1. Записник од Педесет и петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 20 мај 2020 година, со Предлог - одлука за изменување и дополнување на Одлуката за спроведување на задолжителен државен карантин на државјаните на Република Северна Македонија вратени од странство со хуманитарни летови или конвои; Предлог - одлука за дополнување на Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија и Предлог – уредба со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за заштита на населението од заразни болести за време на вонредна состојба

2. Записник од Педесет и шестиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 21 мај 2020 година

3. Записник од Педесет и седмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 22 мај 2020 година

4. Информација за потребата за ослободување од обврската за плаќање на ДДВ од Проектот набавка на КПГ автобуси финансирани со заем од ЕБОР, со Предлог - уредба со законска сила

5. Информација за барањата кои ги исполнуваат критериумите од Јавниот повик бр.1 за кредити од Кредитната линија од Компензационите фондови со цел намалување на последиците од Коронавирусот COVID-19 (Список бр.1)

6. Информација за барањата кои ги исполнуваат критериумите од Јавниот повик бр.1 за кредити од Кредитната линија од Компензационите фондови со цел намалување на последиците од Коронавирусот COVID-19 (Список бр.2)

7. Предлог - уредба за изменување и дополнување на Уредбата со Законска сила за примена на Законот за енергетика* за време на вонредна состојба

8. Предлог - уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за трговија за време на вонредна состојба

9. Предлог - уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на одредбите од Законот за минерални суровини за време на вонредна состојба

10. Информација во врска со состојбата со концесиите во околината на село Лабуништа, Општина Струга, со предлог - одлуки

11. Информација во врска со состојбата со концесијата за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „с.Долно Коњаре“, со Предлог - одлука

12. Предлог - уредба со законска сила за финансиска поддршка на филмските работници за време на вонредна состојба

13. Предлог - уредба со законска сила за финансиска поддршка на уметници и други физички лица кои вршат дејности и други активности во обласа на културата за време на вонредна состојба

14. Предлог - уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност за време на вонредна состојба
15. Предлог - уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба

16. Информација за потреба од дополнително дообезбедување на финансиски средства со цел донесување на одлука за најповолен понудувач и склучување на повеќегодишен договор за изградба на нов училишен објект во КО Мала Речица (за ООУ Наим Фрашери), Општина Тетово

17. Кадровски прашања

18. Прашања и предлози

19. Информација за исплата на пензии за мај 2020 година

*

* *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од 48-та седница на Владата, одржана на 30 април, 1 мај и 5 мај 2020 година, Записникот од 51-та седница на Владата, одржана на 12 мај 2020 година, Записникот од 52-та седница на Владата, одржана на 14 мај 2020 година, Записникот од 53-та седница на Владата, одржана на 15 мај 2020 година и Записникот од 54-та седница на Владата, одржана на 17 мај 2020 година.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Записникот од Педесет и петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 20 мај 2020 година, со предлог-одлуки и Предлог-уредба, го усвои и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата, ги усвои следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија, со заклучок текстот на Одлуката да се дополни во насока забраната за движење на населението и возилата од јавен превоз на територијата на Република Северна Македонија да биде за периодот од 11:00 часот на 24 мај 2020 година (недела), до 5:00 часот на 26 мај 2020 година (вторник).

2. Донесе Одлука за изменување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, во насока во членот 1, став 1, во точката 10, во ставот 2, Прилогот 4 - Протокол за одржување на седници на органи на управување и конференции од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, да се замени со нов Прилог 4.

3. Ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за спроведување на задолжителен државен карантин на државјаните на Република Северна Македонија вратени од странство со хуманитарни летови или конвои, во предложениот текст.

4. Ја донесе Уредбата со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за заштита на населението од заразни болести за време на

вонредна состојба, со заклучок текстот на Уредбата да се усогласи согласно расправата на седницата на Владата.

5. Сите граѓани кои живеат во станбени објекти за колективно домување и што имаат домашни миленичиња (куче), во периодот од 11:00 часот на 24 мај 2020 година (недела), до 5:00 часот на 26 мај 2020 година (вторник), за време на забраната и посебниот режим на движење на територијата на Република Северна Македонија, во недела, дозволи домашните миленичиња да се изнесуваат во времетраење од 30 минути, односно, попладне од 15.00 часот до 15.30 часот и во вечерните часови од 20.00 часот до 20.30 часот, а во понеделник наутро од 8.00 часот до 8.30 часот, попладне од 15.00 часот до 15.30 часот и во вечерните часови од 20.00 часот до 20.30 часот.

Притоа, како и до сега, ова е дозволено граѓаните да го прават најмногу до 100 метри од објектот во кој живеат и да го задржат минимум потребното растојание од останатите лица и да не се групираат.

<u>Точка 2</u>

Владата го разгледа Записникот од Педесет и шестиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 21 мај 2020 година и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата, го усвои Записникот со следнава измена и дополнување: заклучокот под реден број 8 да се дополни со Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање.

Истовремено Владата го задолжи Министерството за здравство во соработка со Комисијата за заразни болести и Институтот за јавно здравје да направат посебен план во делот на тестирањата на COVID-19 во Општина Тетово и Тетовскиот регион, и да започнат со имплементација на заклучок бр.3 од 55-та седница на Владата одржана на 19 мај 2020 година, т.3.

<u>Точка 3</u>

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Педесет и седмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 22 мај 2020 година.

<u>Точка 4</u>

Владата на Република Северна Македонија на седницата, одржана на 22 мај 2020 година, ја одложи од разгледување Информацијата за потребата за ослободување од обврската за плаќање на ДДВ од Проектот набавка на КПГ автобуси финансирани со заем од ЕБОР, со Предлог - уредба со законска сила, за наредната седница на Владата, што ќе се одржи на 26 мај 2020 година (вторник), поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 5**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за барањата кои ги исполнуваат критериумите од Јавниот повик бр.1 за кредити од Кредитната линија од Компензационите фондови со цел намалување на последиците од Коронавирусот COVID-19 (Список бр.1), за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 6**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за барањата кои ги исполнуваат критериумите од Јавниот повик бр.1 за кредити од Кредитната линија од Компензационите фондови со цел намалување на последиците од Коронавирусот COVID 19 (Список бр.2), за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 7**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за енергетика* за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за трговија за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на одредбите од Законот за минерални суровини за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со состојбата со концесиите во околината на село Лабуништа, општина Струга, со предлог - одлуки, за наредната седница на Владата, поради потребата текстот на предлог-одлуките да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 11**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со состојбата со концесијата за експлоатација на минерална суровина–песок и чакал на локалитетот „с.Долно Коњаре“, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, поради потребата текстот на Предлог-одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 12**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог - уредбата со законска сила за финансиска поддршка на филмските работници за време на вонредна состојба, поради потребата Министерството за култура да се усогласи со Министерството за финансии.

**Точка 13**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог - уредбата со законска сила за финансиска поддршка на уметници и други физички лица кои вршат дејности и други активности во областа на културата за време на вонредна состојба, поради потребата Министерството за култура да се усогласи со Министерството за финансии.

**Точка 14**

Владата на предлог на предлагачот го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност за време на вонредна состојба, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 15**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од дополнително дообезбедување на финансиски средства со цел донесување на одлука за најповолен понудувач и склучување на повеќегодишен договор за изградба на нов училишен објект во КО Мала Речица (за ООУ Наим Фрашери), Општина Тетово и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Даде одобрение за дополнително дообезбедување на финансиски средства со цел донесување на одлука за избор на најповолен понудувач и склучување на повеќегодишен договор за изградба на нов училишен објект во КО Мала Речица (за ООУ Наим Фрашери), Општина Тетово во вкупна вредност од 87.862.000,00 денари со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 5.000.000 денари во 2020 година и
- 82.862.000 денари во 2021 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

**Точка 17**

Владата го разреши Гоце Чакаровски од должноста национален координатор за здравство, на негово барање, заклучно со 31 мај 2020 година.

**Точка 18**

Владата заклучи по повод одбележувањето на државниот празник 24 Мај „Св. Кирил и Методиј" - Ден на сесловенските просветители, владина делегација предводена од Оливер Спасовски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Зорица Апостолска, министер без ресор задолжен за странски инвестиции и д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, на 22 мај 2020 година, во 10 часот да положи цвеќе на споменикот во универзитетскиот кампус на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за исплата на пензии за мај 2020 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија да ги достави податоците за пензиите до деловните банки, најдоцна до 26 мај 2020 година.

2. Се препорачува на деловните банки од среда 27 мај 2020 година, да обезбедат пензионерите со мајските пензии да може да располагаат преку мрежата на банкомати и во трговската мрежа.

3. Се препорачува на деловните банки преку филијалите и експозитурите на банките да обезбедат готовинска исплата на пензии за клиентите кои не користат картички, во четири групи според следниот распоред составен според висината на пензијата:

- во среда, на 27 мај 2020 година, исплата на пензии со висина до 11.000 денари;

- во четврток, на 28 мај 2020 година, исплата на пензии во висина од 11.001 денари до 14.000 денари;
- во петок, на 29 мај 2020 година, исплата на пензии во висина од 14.001 денари до 18.000 денари;

- во понеделник, на 1 јуни 2020 година, исплата на пензии во висина над 18.000 денари.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 18:55 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**д-р Драги Рашковски**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Оливер Спасовски**

Подготвил: Никола Пасков
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска